НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

број 24

# НОТАРИУС

НОТАРСКО ПОСТОЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА · 15 ГОДИНИ · РАЗВОЈ И РАБОТА

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

Издавач:
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Главен и одговорен уредник:
Нотар ЉУБИЦА МОЛОВСКА

Редакциски одбор:
Нотар ЕЛЕНА ПЕНЦЕРКОВСКИ
Нотар АНИТА АДАМЧЕСКА
Нотар АНАСТАСИЈА ПЕТРЕСКА
Д-р ФИДАНЧО СТОЕВ • судија во пензија
РАНКО МАКСИМОВСКИ • судија во пензија
ТЕОФИЛ ТОМАНОВИЌ • судија во пензија

Адреса:
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. „Октомвриска Револуција" бр. 2/1
1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816; 02 3214 448
Факс: 02 3239 150
Секретар: 078 219 867
e-mail: nkrm@t-home.mk
www.nkrm.org.mk

Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
ДАНИЕЛ МЕДАРОСКИ

Графички дизајн и
техничко уредување:
СТУДИО КРУГ Скопје

Печати:
МАРИНГ Скопје

Тираж:
400 примероци

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

# НОТАРИУС број 24

НОТАРСКО ПОСТОЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА 15 ГОДИНИ РАЗВОЈ И РАБОТА

## СОДРЖИНА


ГОВОР НА ГЛАВНИОТ УРЕДНИК, НОТАР ЉУБИЦА МОЛОВСКА . . . . . 5

ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ, Г-ЃА ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА ОД 15 ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 6

ГОВОР НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА НА РМ, Г-ДИН БЛЕРИМ БЕЏЕТИ ОД 15 ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. . . . . 10

ОБРАЌАЊЕ НА ПОЧЕСНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ, Г-ДИН ХЕЛМУТ ФЕСЛЕР . . . . . 14

ОБРАЌАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ, Г-ДИН ПЈЕР БЕК . . . . . 18

ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ СОВЕТ НА ИРЕНЕ ПРИ УИНЛ, Г-ЃА СОФИЈА МОУРАТИДОУ . . . . . 24

ИЗЛАГАЊЕ НА ТЕМА „ВОВЕДУВАЊЕТО НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРИДОБИВКИТЕ ОД НЕГО И НЕГОВИОТ НАТАМОШЕН РАЗВОЈ“ - Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ (РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ . . . . . 28

ПИСМО ОД КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 42

ПИСМО ОД НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА . . . . . 43

СПИСОК НА НОТАРИ КОИ НАВРШИЛЕ 15 ГОДИНИ ОД НОТАРСКОТО РАБОТЕЊЕ . . . . . 44

ФОТОГРАФИИ ОД СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА И СВЕЧЕНАТА ВЕЧЕРА ОД ПРОСЛАВАТА ПО ПОВОД 15 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 46

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ – НОТАРИ . . . . . 54

ИМЕНИК НА НОТАРИ . . . . . 57

# ГОВОР НА ГЛАВНИОТ УРЕДНИК



Нотар **Љубица Моловска**

*Главен и одговорен уредник*

НОТАРСКО ПОСТОЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

15 ГОДИНИ

РАЗВОЈ И РАБОТА

*Почитувани колеги,*

*Ми причинува особено задоволство да Ви се обратам за нас значајниот јубилеј, 15 години од основањето на нотаријатот во Република Македонија.*

*Од 15 јуни 1998 година, ние како пионери во нотарската професија, мора да признаеме дека бевме малку уплашени, но сепак храбро тргнавме во освојување на професијата што ја избравме, советувајќи се едни со други, помагајќи си и храбрејќи се.*

*Како самостојна и независна служба во Република Македонија, со секојдневни ангажмани чекоревме кон спроведување, одржување, воспоставување на правниот систем во нашата земја.*

*За овој краток период, верувајќи најнапред во себе и сопственото познавање на правниот систем, а преку нашето законито, независно, стручно и непристрасно работење, успеавме да ја стекнеме довербата на нашите граѓани кои се основниот и вистинскиот суд за нашата стручност, нашиот однос и одговорност при извршувањето на нашата професионална дејност.*

*На 30 септември 2001 година Нотарската комора на Република Македонија стана полноправна ченка на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат.*

*Успеавме да станеме и останеме столб на правото и правниот поредок на Република Македонија, добивајќи ја како награда почитта и довербата на нашите граѓани, институциите и органите на власта со кои како јавна и независна служба беспрекорно функционираме.*

*Повеќепати досега имаме признание од Министерството за правда и повеќе институции со кои соработуваме, потврдувајќи ни дека нотарите се способни да се носат со постоечките и професисионално да ги извршуваат новите овластувања и надлежности.*

*Докажавме дека сме способни да се носиме со сите овластувањата и надлежности делегирани од страна на државата.*

*Нашата задача е понатаму да го поддржуваме развојот на нотарската професија, а се во служба на граѓаните на нашата земја.*

*Им изразувам огромна благодарност на сите оние кои со својата стручност помогнаа да го постигнеме високото ниво на развој, на кое со право се гордееме.*

*Наша должност е овој тренд на развој да продолжи.*

*Нека ни е честита годишнината,*
*Главен и одговорен уредник*
*Нотар Љубица Моловска*

# ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ, Г-ЃА ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА ОД 15 ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




**Зорица Пулејкова**
*Претседател на Нотарска комора на РМ*

*Почитувани гости, почитувани колеги, почитувани дами и господа,*

Дозволете ми Ви заблагодарам за одзивот на поканата и тоа што со своето ценето присуство ѝ дадовте посебен белег и значење на оваа свеченост. Навистина ми претставува задоволство што денеска на овој голем настан ја имам честа како претседател на Нотарската комора заедно со Вас да ги споделам големите достигнувања на нотаријатот како еден важен сегмент од правосудниот систем во Република Македонија, сегмент од македонската историја која трпеливо, но моќно ја

испишувавме сите ние со заеднички сили во изминативе 15 години. Со нашето посветено работење во изминатите години успеавме да го позиционираме нотаријатот во листата на влијателни инстанци кои ја поттикнуваа соработката со многу институции и резултираа со низа успеси.

Првите нотари започнаа на 15 јуни 1998 г., а денеска македонскиот нотаријат брои 175 нотари. Нотарите не се само експерти во својот домен, туку и лица од јавна доверба кои веќе 15 години го трасираат патот до правната сигурност и обезбедуваат заштита во правниот поредок. Како важен сегмент и дел од правосудниот систем не смееме да заборавиме дека нотаријатот е институција во која македонските граѓани имаат исклучително голема доверба и почит и затоа сите ние сме должни да ги штитиме нивните интереси. Со штитењето на граѓанските интереси, овозможуваме функционирање на државата врз еден од основните принципи – принципот на владеење на правото.

Изминативе 15 години се карактеризираат со зголемување на видовите јавни овластувања што како нотарски работи се ставаат во делокругот на нотарската служба. Но, сепак ова не значи само зголемување на нотарските надлежности, туку и растоварување на судовите од неспорните предмети како и поголема функционалност, ефикасност и економичност при решавање на правните работи. Од друга страна, зголемувањето на делокругот на надлежностите на нотарите доведе до зголемена соработка со повеќе институции со кои постои одлична комуникација со цел поуспешно да се задоволат потребите на граѓаните и правните лица кои се корисници на нашите услуги. Ние сме особено горди на ваквата соработка. Се надеваме дека во иднина таа ќе биде зголемена и дека на наредниот јубилеј нотаријатот ќе има уште повеќе пријатели кои несебично ќе го дадат својот придонес и подршка за негов развој, а со тоа и развој на граѓанското општество на Република Македонија и нејзино побрзо интегрирање во Европската Унија.

*Почитувани колеги, драги пријатели,*

Ви го честитам 15-годишниот јубилеј, длабоко уверена дека сите ние во иднина ќе продолжиме да го насочуваме нотаријатот по патот на вредностите кои досега беа белег на нотарското работење - постојаност, ефикасност, веродостојност и професионалност. Вредности кои се предуслов за нашата правда и достоинство.

Во мое име и во името на Нотарската комора на РМ, би сакала да им заблагодарам на министерот за правда, г. Блерим Бецети, како и на поранешните министри, меѓу кои и министерот г. Михајло Маневски, кои со своите залагања овозможија нотаријатот да го заземе вистинското место во правосудниот систем на Република Македонија.

Благодарност и до сите наши пријатели (институции и поединци) кои на одреден начин придонесоа за развој на нотарската служба со надеж дека успешната соработка ќе продолжи и во иднина.

Особена голема благодарност би сакала да упатам до основоположниците на нотаријатот во Република Македонија, г. Арсен Јаневски, професор на Правниот факултет, г. Ранко Максимовски, судија во пензија и постхумно на г. Драган Тумановски – судија на Врховниот суд на РМ кои со својот труд и залагање успеаја да го основаат и воздигнат нотаријатот на една повисока инстанца која со текот на времето си го зазема своето место и димензии во правниот систем на Република Македонија.

Почитувани колеги, уште еднаш Ви го честитам овој јубилеј и истовремено го поканувам нашиот драг пријател, почитуваниот професор Арсен Јаневски, да пристапи на говорницата и да ги изложи своите согледувања за македонскиот нотаријат.

Ви благодарам на вниманието!

# ГОВОР НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА НА РМ, Г-ДИН БЛЕРИМ БЕЏЕТИ ОД 15 ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




**Блерим Беџети**
*Министер за правда на РМ*

*Почитувана претседателке, дами и господа нотари, почитувани гости,*

Имам посебна чест и задоволство што учествувам на оваа свечена седница по повод петнаесетгодишнината од постоењето на нотаријатот во Република Македонија.

Оваа прилика ја користам да ве поздравам од името на Владата на Република Македонија, од името на Министерството за правда и, се разбира, од свое име.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија, создадена е уставна основа одделни вонпроцесни работи актуелни за правниот промет и неспорни помеѓу правните субјекти да можат да се вршат како јавни овластувања, од страна на самостојна и независна јавна служба.

Нотаријатот во Република Македонија е воведен со Законот за вршење на нотарските работи од 1996 година, кој отпочна да се применува од 1997 година, кога се именуваа и првите нотари во Република Македонија, а во 1998 година беше формирана Нотарската комора на Република Македонија. Од 2001 година Нотарската комора стана членка на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат, што претставува големо признание за нотаријатот во Република Македонија.

Со воведувањето на нотаријатот се растоварија судовите и управните органи, а граѓаните поедноставно, побрзо и поквалитетно ги остваруваа своите права.

Донесувањето на Законот за нотаријатот во 2007 година беше во насока на понатамошно спроведување на современите достигнувања во областа на нотаријатот, следејќи ги компаративните искуства и европските стандарди во однос на модернизирање на граѓанското законодавство.

Петнаесет години нотаријат во Република Македонија е значаен јубилеј, што говори дека функционирањето на нотаријатот во Република Македонија сите овие години позитивно се одрази врз целокупниот правен сообраќај во државата, а самите нотари ги изгради како носители на јавни овластувања кои обезбедуваат висок степен на правна сигурност во правниот промет во Република Македонија.

Успешноста и позитивните резултати од примената и практикувањето на нотарската служба во правниот живот ја зголеми

довербата во нотаријатот и даде силен импулс за продлабочување на реформскиот процес во правосудниот систем преку зголемување на надлежностите на нотарите.

Во таа насока беше и донесувањето на Законот за вонпарнична постапка со којшто им се овозможи на нотарите да постапуваат како повереници на судот во однос на оставинските предмети кои не се спорни, со што нотарите покажаа голема успешност во решените оставински предмети.

Исто така, од јуни 2011 година, согласно Законот за извршување, платните налози, односно донесувањето на решенијата со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојни исправи, се пренесе во надлежност на нотарите.

Последниот чекор во оваа насока е и новата надлежност на нотарите согласно Законот за задолжница, да ја составуваат и заверуваат задолжницата како инструмент за доброволно обезбедување на наплатата на побарувањата.

Значајно е да се напомене и електронското поврзувањето на нотарите со е-шалтерот на Агенцијата за катастарот на недвижностите преку кој е овозможен пристап по електронски пат на нотарите за достави на пријави за промена на Геодетско-катастарскиот информативен систем, како и можноста да издаваат имотни листови.

Денес во Република Македонија има вкупно 175 нотари кои успешно ја извршуваат нотарската служба.

Министерството за правда во континуитет презема мерки и активности во насока на подобрување и усовршување на законската регулатива со која се уредува нотаријатот во Република Македонија, со цел да го изгради нотаријатот во современа јавна служба, која во целост ќе ги задоволува потребите и правните интереси на граѓаните и другите правни субјекти.

Сакам да напоменам дека Министерството за правда и понатаму ќе ја продолжи одличната соработка со Нотарската комора, во насока на јакнење на стручниот, моралниот и професионалниот однос на нотарите и обезбедување квалитетна и ефикасна нотарска служба.

Уште еднаш Ве поздравувам и ви посакувам и понатаму успешна работа.

Ви благодарам на вниманието!

# ОБРАЌАЊЕ НА ПОЧЕСНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ, Г-ДИН ХЕЛМУТ ФЕСЛЕР




**Хелмут Феслер**
*Почесен претседател на Меѓународната унија на латински нотаријат*

*Почитуван Министер за правда на Република Македонија, почитувана Претседателке на Нотарската комора на Република Македонија, почитувани дами и господа и би рекол драги пријатели!*

Морам да Ви признаам дека сум безгранично благодарен за оваа покана што ми ја доделивте да настапам денеска по повод 15-годишнината од основањето на нотаријатот во Република Македонија и бев навистина трогнат заради таа покана токму поради тоа што бев поранешен претседател на Меѓународната унија на нотаријатот.

Unión Internacional del Notariado
Union Internationale du Notariat
International Union of Notaries

И еве ме повторно во Вашата држава, земја којашто ја познавам уште од моите училишни денови, заради тоа што ја учевме во школите како земјата на големиот цар Филип Втори и неговиот син Александар Македонски. Големиот Александар со неговата македонска фаланга успеа да креира една империја чиешто значење ни е познато дури и денес. И повторно еве сум овде во вашата држава, една земја којашто навистина има преживеано многу неволји одвнатре и однадвор и имала навистина едно драматично минато. Тоа се некои страдања коишто Вашата земја Македонија ги има претрпено во изминатите години, а коишто ние луѓето кои живееме во странство истите сме ги проследиле со една искрена симпатија којашто произлегува од грчкиот збор што означува „сочувство“. И тоа е она сочувство коешто го имаме изразено и на самиот ден 26 јули 1963 година, односно денот кога катастрофалниот земјотрес го погоди градот Скопје. И еве ме повторно во една држава, една земја којашто е конечно ослободена, земја во којашто функционира правната држава и којашто со право може да се нарече наследник на Јустинијан.

Македонија е една држава којашто ја имаше храброста да го воведе системот на латинскиот нотаријат што навистина не беше лесно за Вас, затоа што Вие доаѓате од една држава којашто ја немала онаа традиција за да можете лесно да се надоврзете на принципите врз коишто почива латинскиот нотаријат. Во 2001 година вашиот нотаријат беше прифатен во рамките на Меѓународната унија на нотарите и ќе речам со посебен нагласок едногласно.

И повторно ја имав таа чест, односно таа привилегија во својство на претседател на Меѓународната унија да ја примам Македонската нотарска унија при конгресот кој се одржа во Атина и за тоа ѝ се заблагодарувам на мојата колешка, г-ѓа Софија. Меѓутоа, секогаш и секаде ќе има одредени спротивставувања на нашата професија. И тоа целото тоа спротивставување многу често доаѓа од страна на другите претставници на правната

професија, и тоа понекогаш и од редовите на политиката, а понекогаш и од редовите на меѓународните организации коишто секогаш не ја разбираат додадената вредност којашто ја дава латинскиот нотаријат во реализирањето на едно слободно правно општество.

Во текот на кризата со недвижности во САД успеавме да дознаеме до каде сѐ може да не донесе онаа можеби не секогаш сериозност кон којашто не секогаш пристапуваме кон нештата. Уште еднаш ќе напоменам дека ни стана јасно дека не може да постои слобода без правила и дека формата останува сестра близначка на овие правила. Со самото тоа што нема да престанете да го убедувате Вашето општество во вредноста којашто ја додава латинскиот нотаријат во Вашата држава, да знаете дека ќе продолжите да го уверувате Вашето општество дека истото треба да почива на принципи коишто ќе бидат стабилни, здрави и ќе се однесуваат на натамошниот просперитет. И сето тоа ќе придонесе за еден социјален мир, и тоа социјален мир во вашата држава, на нашиот континент , во нашиот свет.

Па така од воинот Александар, поминувам на нобеловката за мир Мајка Тереза и Ви се заблагодарувам за вниманието!

# ОБРАЌАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ (УИНЛ), Г-ДИН ПЈЕР БЕК

## Претставник на претседателот Жан-Пол Декорп




**Пјер Бек**
*Секретар на Меѓународната унија на латински нотаријат*

*Почитувани министри, почитуван претседателе, почитувана претседателке на Нотарската комора на Македонија, драга Зорица, почитувани колеги, дами и господа!*

Првенствено би сакал да Ви се заблагодарам во името на претседателот на УИНЛ, Жан-Пол Декорп и во мое лично име на Нотарската комора на Македонија и на нејзиниот претседател, г-ѓа Зорица Пулејкова, за нивната љубезна покана да бидеме дел од прославата на петнаесетгодишнината од основањето на нотарската дејност во Република Македонија.

Unión Internacional del Notariado
Union Internationale du Notariat
International Union of Notaries

Исто така, ја имам честа да Ви ги пренесам срдечните поздрави од францускиот нотаријат и од претседателот на француската нотарска комора, г. Жан Тарад.

Ми претставува огромно задоволство што сум назад во Скопје, откако веќе еднаш тука престојував во својство на претседавач со Комисијата за европски прашања во септември 2012 година и да го прославам заедно со сите Вас, како и со нашиот колега Златко Николовски, кого што би сакал да го поздравам за овој важен настан.

Меѓутоа ова претставува уште една пригода да Ви кажам неколку збора за Меѓународната нотарска унија чијшто член е и македонската Нотарска комора од 2001 година.

**Меѓународната нотарска унија** ја претставуваат околу 300.000 нотари, два милиона соработника и врши околу 400 милиони заверки секоја година.

**Нашата организација**, на светско ниво, денес опфаќа 83 држави од сите пет континента. По пристапувањето на Кина во 2003 година, денес таа засегнува две третини од вкупното светско население и 60 % од БДП на нашата планета.

Со неа управува Управниот одбор од 27 членки, извршниот орган, има и Генерален совет од 160 членки, тоа е научниот орган, а и исто така постои и Генералното собрание на државите членки, што е законодавниот орган, при што секој претседател поседува по еден глас без оглед на големината на државата.

**Политиката на Унијата е поставена околу неколку главни приоритети:**

1. **Првиот приоритет е обуката**, почетната и континуираната. Веќе поранешната улога на нотарските академии, создавањето на еден светски универзитет за нотаријатот чиешто прво издание се одржа во Рим минатиот ноември,

а второто ќе се одржи во Буенос Аирес ова лето, прецизните проекти на нашата комисија за соработка претставуваат илустрација на ваквата политика.
XXI век ќе го одбележи сѐ поголемата конкурентност помеѓу правните професии. Надлежноста ќе биде еден од адутите на нотаријатот. Затоа вреди да ја развиваме.

2. Треба да го негуваме и нашиот втор адут, а тоа е довербата од нашите клиенти и од јавните власти. Тоа нѐ донесува **до нашиот втор приоритет: почитувањето на етичките и деонтолошките принципи.**
Тоа е еден од основните аспекти на нашиот статут: непристрасноста, независноста и неутралноста претставуваат столбовите на оваа етика. Секоја повреда треба да биде санкционирана, па затоа придаваме голема важност на постоењето на деонтолошки кодекс што предвидува многу строги дисциплински правила, без оглед дали станува збор за кодекс којшто ќе биде воведен со нов закон за нотаријатот или преку модернизацијата на постојните закони.

3. **Третиот приоритет на Унијата е да ја покаже социјалната улога на нотарот**, односно додадената вредност што ја носи во служба на граѓаните и на државата.
Впрочем, без ваквата социјална уталитарност, без свеста за извршување мисија од општ интерес, ниту една професија не може да опстои. Таа набрзо станува помошна дејност, потоа маргинална, за на крајот да исчезне во општата индиферентност. Токму затоа разработивме три конкретни домени на дејствување на полето на општествената корисност на оваа професија.

а) Првиот домен претставува доделувањето потврди, што се состои во издавањето документи што овозможуваат да се оправда право врз земјиште, без оглед дали станува збор за сопственост на земјиште, наем на земјиште, користење под концесија, експлоатација на истото или негово заземање.
Ваквото дејство одговара на една основна економска потреба да се осигури искористувањето главно на земјоделското земјиште, за борба против ризикот од недостаток од прехранбени производи, како и против масивниот откуп на ваквото земјоделско земјиште од страна на големите мултинационални компании без исплата на надомест на нивните корисници затоа што последниве не можат да ги докажат своите права.

Во рамките на оваа политика, организиравме две светски конференции, едната во Буркина Фасо во јануари 2012 година, а другата во Мексико во јануари 2013 година со учество на триесетина меѓународни организации, меѓу кои и Светската банка, ФАО, ОН-ХАБИТАТ итн.

б) Вториот домен на социјално дејствување е учеството на нотаријатот во политиката на дејудицијаризација на нашето општество. Превенцијата на конфликтите благодарение на проверките што се вршат пред потпишувањето на договорите, советите што им се даваат на клиентите и учеството во алтернативните начини на решавањето на споровите, како што е арбитражата, помирувањето и медијацијата, претставуваат трите аспекта на улогата на нотарот во овој домен.

в) Третиот домен на социјално дејствување се состои во олеснувањето на движењето во странство на определен број акти, анекси или додатоци на главни правни акти, од типот на акти за ополномоштување, брачни договори, овластувања за заштита или пак тестаменти.
Нашата следна меѓународна конференција којашто ќе се одржи во Монтреал, следниот ноември, ќе биде посветена на оваа тематика. Таа ќе има двојна цел:

- Да се обезбеди, на технички план, документот во употреба за да се избегнат злоупотребите коишто од ден на ден стануваат сѐ побројни, особено со зголемувањето на бројот на лажни документи, и тоа по пат на еден осигурен нотарски печат;

- Да се поедностават, на судски план, формалностите што се неопходни за да се овозможи употребата на ваквите акти со тоа што ќе им се предложи на нотаријатите членки да пристапат кон една повелба чијашто цел ќе биде да се избегне апостилот или легализацијата на документот во случаите кога истите се применувале доколку таквиот документ произлегува од нотар чијашто комора е потписничка.

Добро гледате: главната цел на политиката на Унијата е да покажеме што реално претставува нашата професија, преземајќи вакви дејствија, да ја покажеме насекаде во светот економската и социјалната корисност

на нотаријатот, што одговара на основните потреби на нашето модерно општество.

1) **Во однос на граѓаните**, односно корисниците на нашите услуги, постои тројна потреба:

- Потреба од правно спокојство, тука сме да им ја гарантираме на нашите корисници социјалната хармонија кон којашто се стремат, односно смиреноста, оптимизмот и довербата во иднината;

- Потреба да се избегнуваат конфликти, да се спречи сѐ поголемата јудицијаризација на нашето општество - никој не трпи да биде вклучен во постапка при што не се знае ниту нејзиното времетраење, ниту трошоците ниту исходот;

- Потреба од лесен пристап до услугите од областа на вонпарничното право, односно пристап до совет и можност специјализирани правници, како што се нотарите, да ги изготвуваат најважните акти во нивниот приватен и професионален живот.

2) **Во однос на државата**, исто така постојат неколку потреби:

- Потреба од правна безбедност којашто единствено може да им донесе на претпријатијата доверба, а оттаму и кредитирање, инвестиции, економски развој и социјален напредок;

- Потреба од буџетски средства, затоа што со спречувањето на делокализацијата (секој нотарски акт мора да биде заведен во местото на работа на нотарот) нотаријатот во голема мера придонесува во буџетот на државата, па оттаму и интересот, добро разбран од многу држави, да им се доделат на нотарите надлежности во областа на недвижностите (да се знае кое лице што поседува) и во областа на претпријатијата (да се знае кое лице со каква дејност се занимава).

- Потреба од транспарентност, затоа што ова исто правило овозможува да знаеме како се вршат финансирањата и од кого, со што се осигурува следењето на финансиите што помага во борбата против перењето нечисти пари, корупцијата и борбата против тероризмот;

- Потреба државата да се фокусира на извршувањето на нејзините државнички работи, затоа што една држава не може сѐ да прави. Таа мора да се концентрира на нејзините основни мисии, како што се судството, војската, дипломатијата и мора да им ја делегира на институциите што ги контролира грижата да го осигурат, под нејзин надзор, но без буџетски трошоци ни одговорност, извршувањето на активностите од јавен интерес. Вонпарничното право е дел од таквите активности, па оттаму и нотарската функција којашто го олицетворува она приватно-јавно партнерство што е во денешно време многу модерно, коешто заради својата ефикасност има голем светски успех.
  Така, може да кажеме дека денешниот нотаријат, знаејќи да одговори на неговите главни потреби, претставува една добро вооружена професија за да ја одигра својата улога, во главно општествена, во служба на нашето општество од 21. век. Значи, станува збор за професија на иднината.

**Нотарот на 21. век мора да остане во служба на правдата на својата држава и на општеството.** Како што кажавме на почетокот, ниту една општествена институција на може и не смее да опстои во времето доколку нејзиното присуство не е оправдано од социјалниот интерес на којшто му служи. Нотаријатот не е исклучок од правилото и тоа нѐ обврзува постојано да ја преиспитуваме нашата функција, да се уверуваме дека добро ја извршуваме нашата професија и дека на општеството му ја даваме уталитарноста што од нас ја очекува.

Му посакувам на македонскиот нотаријат среќна годишнина и уште еднаш му се заблагодарувам за неговата вклученост во рамките на големото семејство на меѓународниот нотаријат!

# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ СОВЕТ НА **ИРЕНЕ** ПРИ **УИНЛ**, Г-ЃА СОФИЈА МОУРАТИДОУ




**Софија Моуратидоу**
*Претседател на Административниот совет на ИРЕНЕ при УИНЛ*

*Почитуван г. министер, почитувана претседателке, драги колеги и пријатели!*

Ќе говорам на англиски заради мојата пријателка, а вашиот претседател, г-ѓа Зорица Пулејкова. Како што знаете, официјалниот јазик на И.Р.Е.Н.Е. е француски, но за специјални пригоди правиме по некој исклучок.

Вашата покана ни претставуваше огромна чест и задоволство. Веднаш одговоривме позитивно поради неколку причини.

а) Петнаесет години нотаријат претставува доста долг период. Се разбира, во споредба со други нотаријати што опстојувале 100, 200, па и повеќе години, вашиот нотаријат се смета за многу млад. Но младоста е привилегија. Секоја новооснована организација носи со себе нови идеи, нови структури, нови технологии, како и ентузијазам, прогресивност и енергија. А вие ги поседувате сите овие особености. Истовремено, нотаријатот подразбира традиција, почит кон институциите и принципите што се воспоставувале со векови. Докажавте дека може да ги комбинирате обете аспекти и претставувате добар модел за нотаријатот во неговиот историјат.

б) Овде претставувам една европска институција, научната фондација И.Р.Е.Н.Е. со седиште во Луксембург. Вие веднаш прифативте да станете наша членка, а чест ни е што во редот на нашите администратори го имаме многу симпатичниот колега, г. Златко Николовски. Мора да му се заблагодариме нему и на Комората за нивното активно учество во важни манифестации, како што беше фантастичниот конгрес во Истанбул од минатиот ноември. Секако, И.Р.Е.Н.Е. со задоволство ќе продолжи со оваа соработка и во иднина.

в) Друга многу важна причина зошто ја прифатив вашата покана е соседството на нашите две држави и нотарски организации. Како соседни држави, ние мора да се трудиме да се спознаеме на стручно, научно ниво и да ги запознаеме нашите менталитети. Во нашиот глобализиран свет не постојат веќе граници на полето на науката. Мора да научиме да соработуваме, да ги прифатиме нашите разлики, но и да ги препознаеме нашите сличности. Во нотарските предмети може да го развиеме нашето заедничко искуство и да научиме едни од други. Вие, со вашата млада динамика, а ние со нашата традиционалност, но истовремено и со нашето динамично и методично однесување против професионалните тешкотии и пречки што ги среќаваме насекаде.

Заемната поддршка и разбирање, создавањето мрежа и, конечно, на пријателството меѓу нотарите насекаде во светот се одлична додадена вредност на нашето учество во нашето големо семејство, што всушност претставува нашата Меѓународна нотарска унија.

Во посакувам да продолжите да ја исполнувате вашата нотарска агенда со подеднаков успех.

Ви благодарам.

# ВОВЕДУВАЊЕТО НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРИДОБИВКИТЕ ОД НЕГО И НЕГОВИОТ НАТАМОШЕН РАЗВОЈ - Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ




**д-р Арсен Јаневски**
*Редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*

*Почитувана госпоѓа Пулејкова, претседател на Нотарската комора на Република Македонија, почитувани колешки и колеги нотари, дами и господа, уважени гости!*

На 15 јуни оваа година се навршуваат 15 години од започнувањето со работа на првите нотари во Република Македонија со што практично се воведе нотаријатот во Република Македонија, па по тој повод дозволете ми да Ви го честитам овој јубилеј и да Ви посакам натамошни успеси и плодна работа. Убеден сум дека нотаријатот во Република

Македонија како и во овие изминати 15 години постоење, така и во иднина ќе продолжи да дава исклучителен придонес и да влијае на унапредувањето на т.н. превентивна правна заштита, на создавање правна сигурност и на намалувањето спорови, а со тоа и на заштитата на правата на граѓаните и другите правни субјеки. Искрено Ви се заблагодарувам на поканата да присуствувам на оваа свечена седница и на прославата на 15-годишнината од започнувањето со работа на нотарите во Република Македонија, а посебно Ви благодарам за честа која ми ја укажавте да можам да Ви се обратам на темата „Воведувањето на нотаријатот во Република Македонија, придобивките од него и неговиот натамошен развој".

На почетокот дозволете ми накратко да се осврнам на потребата од воведувањето на нотаријатот во Република Македонија. Една од претпоставките за добро функционирање на секоја модерна правна држава е постоењето на нотаријатот - нотарската служба. Оваа служба има посебна улога во спроведувањето и остварувањето на правниот поредок in concreto, затоа што ако правниот поредок предвидува одредени правни форми, нотарот е должен нив да ги осмисли и реализира.

Во Република Македонија, по нејзиното осамостјување како посебна држава, со донесувањето на Уставот од 1991 година, со кој се инаугурира граѓанско општество, ориентирано кон пазарна економија, нужна беше радикална реформа, не само во економскиот, туку и во правниот систем на земјата. Се наметна потребата од промена на постојните закони, донесување сосема нови закони и уредување на односите на сосема поинаков начин. При тоа, се појави и потребата од пренесување на некои управни и судски работи во надлежност на други служби, на што упатуваа искуствата на други земји. Конкретно, се јави потреба од воведување јавна служба за вршење нотарски работи. Тоа се оствари со донесување на Законот за вршење на нотарските работи. Законот за вршење на нотарските работи беше донесен на 16

октомври 1996 година, а почна да се применува од 01.10.1997 година. Истиот закон беше менуван и дополнуван во 1998 година непосредно пред да започнат со работа првите нотари. Во 2007 година се донесе Законот за нотаријатот кој со неколку измени и дополнувања и денес е во сила.

Првите нотари во Република Македонија почнаа со работа на 15 јуни 1998 година, а набргу потоа, во месец август, истата година, беше основана и Нотарската комора на Република Македонија и другите органи и тела. Нотарската комора е основана со цел да ја претставува професијата, односно нотарската служба пред државните органи и институции во земјата и надвор од неа, стана чувар на професионалниот углед и честа на нотарите и национална нотарска институција по која се препознаваат нотарите. Македонските нотари се вклучени во системот на Латинскиот нотаријат, што беше потврдено со приемот на Нотарската комора на Република Македонија во Унијата на Латинскиот нотаријат на Конгресот во Атина одржан на 30 септември 2001 година.

Дејноста, односно работата која на почетокот ја вршеа нотарите во Република Македонија беше во надлежност на судовите во најголем дел во вонпарнична постапка, а еден дел и во надлежност на управните органи. Со донесувањето на законот за судовите во 1995 година се создадоа услови еден дел од вонпарничните работи да бидат иземени од судовите и со Законот за вршење на нотарските работи да бидат пренесени во надлежност на нотарите. Имено, неспорна беше констатацијата дека правдата е спора. Оптовареноста на судовите со предмети кои не беа, а и денес не се спорни, е голема. Постапувањето на судовите во вакви предмети во суштина не претставува правораздавање, поради што за овие предмети не би требало да постапуваат судовите. Неспорно е дека ако судовите бидат растоварени од неспорните предмети, би биле далеку поажурни и што е уште поважно, би можеле да донесуваат поквалитетни одлуки. Потребата од растоварување на судовите од неспорни работи беше констатирана многу порано. Иако тој процес започна уште со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи во 1996 година, тој сè уште трае, и тоа со различен интензитет во зависност од тоа дали станува збор за предмети од сферата на парничната, вонпарничната или извршната постапка. Растоварувањето на судовите, како што веќе понапред споменав, најпрво започна во сферата на вонпарничното право, а потоа следуваше растоварувањето и во сферата на извршната материја. Денес нема никакво

сомнение дека судовите треба да бидат растоварени и од предмети кои не се спорни, а за кои постапуваат судовите во парнична постапка.

Предметите кои не се спорни и во кои нема правораздавање, треба да се доверат на постапување на други служби кои вршат јавни овластувања од типот на нотаријатот, извршителите, катастарот и др.

Законот за вршење на нотарските работи, како и постојниот Закон за нотаријатот, по примерот на многу земји во Европа и пошироко, а посебно по примерот на Законот за нотаријатот во Република Хрватска и Законот за нотаријатот на Република Словенија, ги прифатија принципите на т.н. слободен латински нотаријат и ги имаат сите обележја на тој тип на нотаријат. Овој тип на нотаријат е прифатен скоро во сите европски држави (освен оние кои припаѓаат на англоамериканскиот и скандинавскиот правен круг), потоа во земјите на Латинска Америка, во државите во Африка од франкофонскиот круг, како и во Турција, Кина, Јапонија и др. Слободниот латински нотаријат подразбира одвоеност и самостојност на работата на нотарите од работата на адвокатите.

Слободниот латински нотаријат кој е прифатен во законодавството на Република Македонија може да се означи како функционално оптимален компромис помеѓу јавниот карактер на таа служба и нејзиното вршење од страна на слободни висококфаливикувани лица кои сами го поднесуваат деловниот ризик на својата работа, како и организациската форма со посебно висока содржина и државно значење. Пристапувањето во оваа јавна служба, службеното седиште и подрачјето, како и самата работа на нотарите се повеќекратно зависни од државата, односно од нејзината контрола. Поради карактерот на службата - јавниот карактер на работата, нотарите по правило се непристрасни повереници на странките кои не можат да го отстранат преземањето на службените дејствија. Поради ова, нотаријатот не може и не смее да се изедначува со другите слободни професии - посебно со адвокатурата. Устроениот нотаријат во Република Македонија има свои карактеристични обележја на слободна професија, и тоа: непостоење одредена клиентела; можност за (ограничена) конкуренција; право директно да се наплати наградата и да ги надоместуваат трошоците од странката; сами да ги поднесуваат трошоците поврзани со нотарската канцеларија; плаќање штета ако на странката ѝ е причинета и слично.

Јавниот карактер на нотарската служба и нејзината улога во склопот на превентивната правна заштита влијае и на дефинирањето на положбата на носителите на таа служба, на начин кој има доста сличности со судискиот статус. Нотарите се непристрасни повереници на странките. Тие својата дејност ја вршат на барање на странките, преземаат службени дејствија, независно од нивната волја, односно дејствуваат по службена должност, а не врз основа на налог, како на пр. адвокатите. Помеѓу другото, и поради ова, нотарите не можат истовремено да бидат и адвокати, ниту пак да вршат некоја друга служба, односно да имаат друго вработување. Дејноста на нотарот е основно занимање за времето додека истата ја извршува.

Нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, врз основа на закон, при што нотарот работите од својот делокруг ги врши независно, самостојно, непристрасно и стручно, врз основа на закон, други прописи и општи акти засновани на закон.

Содржината на нотарската дејност на почетокот беше уредена со Законот за вршење на нотарските работи, а денес е уредена со Законот за нотаријатот и со други закони. Согласно законот, делокругот на дејностите кои ги вршат нотарите можеме да ги групираме во следните групи на работи, и тоа: 1) составување нотарски исправи за правни работи и изјави (нотарски акти - нормативно-цертификациска функција); како и за факти на кои се засноваат права (записничко-цертификациска функција); 2) службено заверување и потврдување приватни исправи (легализациско-цертификациска функција); 3) примање на чување исправи, пари и хартии од вредност, заради нивно предавање на други лица или надлежни органи (депозитна функција); 4) вршење работи (преземање службени дејствија) по барање на судовите или други органи и тела предвидени со закон (доверени работи - комесаријална функција); и 5) со оглед на карактерот на работата што ја вршат и грижата за лицата кои учествуваат во составувањето на нотарските исправи, како и фактот дека нотарот е повереник на странките, нотарите имаат и советодавна функција (конзилијарно-мониторна функција).

Со посебни закони во надлежност на нотарите е реализацијата на залозите (продажба на подвижни предмети и продажба на недвижности врз кои е заснована хипотека). Исто така и според Законот за

обезбедување на побарувањата, нотарите имаат овластувања во обезбедувањето на побарувањата на доверителите. Според Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување кој е донесен во 2009 година, нотарите се надлежни да донесуваат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Кругот на дејноста на нотарите од ден на ден се проширува. Со донесувањето на Законот за задолжница во 2012 година,надлежностите на нотарите уште се проширија, така што задолжницата ја составува нотар преку системот за водење Регистар на задолжниците кој го води Централниот регистар. Во овој закон има одредени нејаснотии во поглед на улогата на нотарот при креирањето на задолжницата што укажува на тоа дека и по 15 години постоење на нотаријат, можни се грешки на законодавецот во поглед на тоа кои дејствија може нотарот да ги преземе и како може да ја обликува одредена правна работа, односно да му даде одредена форма. Одредени надлежности нотарите имаат и според Законот за трговски друштва. Проширувањето на надлежностите на нотарите е резултат на добро етаблираната нотарска служба и на високото професионално ниво на стручност, доверба и углед кој нотарите го стекнаа кај државата, институциите, граѓаните и правните лица во овие 15 години од нивното работење, од една страна, а од друга страна и од потребата од растоварување на судовите од неспорните работи.

Така, во надлежност на нотарите, а со цел да се растоварат судовите од вонпарнични работи кои не се спорни и не се правораздавање (судење во вистинска смисла на зборот), се пренесоа составувањето и потврдувањето на исправи, заверката на потписи, преписи и ракописи. И покрај тоа што во Законот за вршење нотарски работи во посебна глава - глава тринаесетта која беше насловена како „Нотарите како повереници на судовите и другите органи“, во која беа предвидени одредби (членовите 127-131), имаше законска можност, односно основ за спроведување на постапката за расправање на оставината и други работи кои можеа да му се доверат на нотар, но до тоа не дојде сѐ додека не се донесе  новиот Закон за вонпарничната постапка во 2008 година. Ова е така од причини што во членот 127 од Законот за вршење нотарски работи беше предвидено дека овластувањата на нотарите за расправање на оставината се уредуваат со закон кој ја уредува таа постапка, а таа постапка беше уредена со Законот за вонпроцесната постапка од 1979 година, во кој немаше одредби според кои би можел судот оставинските предмети да ги довери на постапување на нотар. Со донесувањето на Законот за вонпарничната постапка во 2008

година, се создаде правен основ и законска можност претседателот на основниот суд да може предметите за расправање на оставина да ги довери на постапување на нотар. Во овие предмети нотарот е повереник на судот и овие работи спаѓаат во кругот на доверени работи (комесаријална функција на нотарот). Со Законот за вонпарнична постапка од 2008 година, во надлежност на нотарите е и делбата на заеднички предмет или имот кога нема спор за начинот и условите за делба, тогаш делбата се врши кај нотар во форма на нотарски акт. Од вонпарничните работи кои ги врши судија, а не се судски и не се правораздавање, кои до измените на Законот за облигационите односи во 2008 година заверката на потписите на договорот за доживотна издршка и договорот за распределба на имот за време на живот ја вршеше суд со измените на Законот за облигационите односи, се предвиде можноста заверката да ја врши суд или нотар, иако нема ниеден аргумент за тоа заверката на овие договори и понатака да ја врши судот. Затоа при идни измени на Законот за облигационите односи би требало да се предвиди заверката на овие договори да ја врши исклучиво нотар.

